**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

# АНЕКС

# НА

# Б И Л Т Е Н

# Бр. 476

**ГОДИНА XLI, Битола, 10.11.2020 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски"- Битола**

Одговорен уредник М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор Проф. д-р Гордана Трајкоска, проректор
Економски факултет-Прилеп

Проф. д-р Љупче Кочоски, проректор
Факултет за биотехнички науки – Битола

Проф. д-р Игор Неделковски, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Марјан Ѓуровски, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
„Св. Климент Охридски" – Битола

# С О Д Р Ж И Н А


**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД**

Реферат за избор на наставник во насловно звање од научните области Гастрономија 51402 и Друго 51419 ........................................................................................ 1

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ГАСТРОНОМИЈА 51402 ИДРУГО 51419НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД

Врз основа на чл. 182, чл. 172 и чл.166 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.82 од 08.05.2018 година), Наставно – научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид на својата редовна седница одржана на ден 02.11.2020, со одлука бр. 02-388/1, а во врска со јавниот конкурс за избор на наставник од научните области: **Гастрономија 51402** и **Друго51419** ја именува Рецензентска комисија во состав:

1. Проф. д-р Симона Мартиноска, редовен професор

2. Проф. д-р Катерина Ангелевска-Најдеска, редовен професор

3. Проф. д-р Иванка Несторoска, редовен професор

По разгледувањето на доставената документација, а врз основа на Законот за високо образование на Република Македонија и општите акти на Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола и Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Рецензентската комисија во наведениот состав со голема почит за укажаната доверба го поднесува следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на ден 03-04.10.2020 година за избор на наставник во насловно звање од научните области: **Гастрономија 51402** и **Друго 51419** на Факултетот за туризам и угостителство– Охрид се пријави кандидатот д-р Климент Наумов.

Кандидатот д-р Климент Наумов, уредно ги достави сите потребни документи и прилози според објавениот конкурс и од нив може да се заклучи дека наполно ги исполнува бараните услови според Законот за високо образование на Република Македонија, општите акти на Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола, како и потребните општи и посебни услови по распишаниот конкурс од страна на Факултет за туризам и угостителство - Охрид, за избор во звање **насловен доцент**.

### 1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Климент Наумов, со место на живеење Булевар Туристичка бр. 8 М4 е роден на 29.06.1984 во Охрид. Завршил средно образование во Охрид - ОСУ „Св. Климент Охридски" – општа гимназија, со континуиран одличен успех. Во академската 2003/2004 година се запишува на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, насока Туризам и угостителство, каде по положувањето на сите испити предвидени со студиската програма, со просек 8,75 и јавно одбранетата дипломска работа, се стекнал со звање Дипломиран менаџер по туризам и угостителство, ноември 2007 година. Во септември 2008 година се запишал на последипломски студии – магистерски студии на насоката Меѓународен туризам на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, а во септември 2009 година се префрла на вториот циклус на студии настудиската програма Туризам. По положувањето на сите

предвидени испити на студиската програма со просек 8.60, на 04.02.2014 магистрирал на тема „Маркетинг активности за зголемување на пласманот на македонскиот туристички производ на пазарот на Холандија и Белгија“ со што се здобил со звање Магистер по туризам.

Во септември 2016 година се запишал на трет циклус на студии – докторски студии, на насоката Туризам на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид. По положувањето на сите предвидени испити со просек 10,00 и исполнувањето на сите предвидени активности според студиската програма, на 20.07.2020 успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов „Улога и значење на туристичкото водење за туризмот во Република Македонија“ и се стекнал со научен степен Доктор на науки од областа на туризмот.

Во периодот 2004 -2005 се вклучува во проектот за враќање на холандските туристи во Македонија и следи интензивна обука за изучување на Холандскиот јазик и култура под покровителство на Владата на кралството Холандија во Охрид. Во периодот 2005 – 2007 активно е вклучен во туризмот и угостителството како агенциски претставник и туристички водич за холандскиот туроператор Sunweb Vakanties. Во овој период тој успешно е вклучен во презентацијата на македонската гастрономска понуда на холандските туристи, а често пати е ангажиран во подготовка и послужување традиционална храна од локално потекло за потребите на екскурзиите во организација на претходно споменатиот туроператор.

Во периодот од 2007-2015 година кандидатот е континуирано ангажиран како демонстратор по повеќе предмети од областа на туризмот и угостителството на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид. Од 2015 година е вработен на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид како администратор на профитниот центар бифе и кујна со соодветни работни задачи и водење на материјалното книговодство за набавка на храна и пијалаци. Во овој период кандидатот ја совладува проблематиката од сферата на набавката, манипулацијата и складиштењето на прехранбените продукти и пијалаците кои се набавуваат за потребите на профитниот центар за едукативни цели, а исто така активно учествувал во планирањето, подготовката и реализацијата на кетеринг услуги на ФТУ по повод различни настани од типот на семинари, конференции, научни собири, симпозиуми и др.

Положил стручен испит за туристички водич во мај 2005 година на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид и се здобил со право за вршење дејност туристички водич. Во 2013 година го положил стручниот испит за туристички придружник. Активно работи како туристички водич нахоландски и англиски јазик до денес. Одлично го владее и францускиот јазик.

Во 2013 година го формира Здружението на туристички водичи и придружници на градот Охрид преку кое континуирано се залага за унапредување на водичката служба на локално и национално ниво.

Во периодот од 1996 до 2005 година бил активен ракометар, а од 1999 до 2007 година бил дел од националната веслачка репрезентација. Од 2008 година е национален веслачки судија.

Во ноември 2017 учествувал на обука за меѓународни веслачки тренери каде што се здобива со знаење од областа на исхраната за спортисти и суплементарната исхрана. На овој семинар апсолвира знаење за нутритивните и калориски вредности на основните прехранбени намирници, со посебен осврт на значењето на додатоците во исхраната од типот на витамини,

минерали и внесот на дозволени стимулативни супстанции во исхраната на професионалните спортисти.

Во периодот од 29 февруари до 10 април 2020 реализира Еразмус+ мобилност како докторанд на високата гастрономска школаЖесе де Форест(Jessé de Forest)во Авен сур Елп (Avesnes sur Helpe) во Република Франција,каде се запознава со основите на француската гастрономија и техниките на послужување. За време на овој студиски престој во оваа институција подробно се запознава со основите на класичната француска кујна под менторство на професорот Кристоф Доверњ (Christophe Dovergne) кој е член на Француската кулинарска академија. Тој за време на двомесечниот престој следи теоретска и практична настава, истовремено ја совладува материјата од областа на готварската технологија, како и основните и напредните готварски вештини. Секојдневно бил ангажиран во кујната на високата школа, во комерцијалниот дел, готвејќи одредени специјалитети под менторство на професорите Кристоф Доверњ (Christophe Dovergne), Жан Бларе (Jean Blaret), Фредерик Гуто (Frédéric Gouteau), Жером Тасан (Jerôme Tasin), Фредерик Рус (Frédéric Rousse) и Мари - Кристин Рус (Marie-ChristineRousse).

Од 7ми до 13ти септември 2020 година учествува како предавач на пленарната сесија на меѓународната летна школа насловена како Летен балкански универзитет „Одржлив развој и заштита на животната средина“ во заедничка организација на CIFE (Меѓународниот центар за европски обуки од Ница, Република Франција)и Факултетот за туризам и угостителство – Охрид. На овој престижен настан кој се одржа виртуелно, кандидатот одржа предавање на тема: Презентација за Македонија и нејзините историски, економски, културни и туристички аспекти. Во неговото предавање на овогодишната летна школа тој се осврнува особено на македонската традиционална кујна.

**1.1. Обуки и признанија**

Кандидатот учествувал на 27 различни обуки, работилници и семинари, настани и натпревари во земјата и во странство од областа на гастрономијата, одржливиот развој на туризмот и угостителството, управувањето со туристичките простори и региони, академското пишување, селективниот туристички развој, одржливиот туризам, културниот диверзитет, заштитата на културното и природното наследство, управувањето со човечки ресурси, лидерството, спортскиот менаџмент, арбитража во веслањето и друго:

1. Октомври 2008 – март 2009 година учествува како помлад истражувачво комплексното истражување во врска со угостителската понуда на градот Скопје во рамките на Пилот активностите за образование и култура во Македонија под покровителство на Владата на Република Италија;
2. Септември – Декември 2009 година учествува во проектот за обука на туристички водичи за Југозападниот плански регион на Република Македонија под покровителство на амбасадата на Кралството Норвешка, во организација на консултантската фирма ЕКП, Стопанската комора за туризам на РМ и Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, како предавач на темата: особините и вештините кои треба да ги поседува еден професионален туристички водич; водење групи на планински терени, практични совети за избегнување последици по животот и здравјето на туристите планинари; ориентација во просторот и движење по обележани и необележани пешачки патеки
3. Април- Јуни 2010 учествува во проектот за обука на туристички водичи за Југозападниот плански регион на Република Македонија под покровителство на

амбасадата на Кралството Норвешка, во организација на консултантската фирма ЕКП, Стопанката комора за туризам на РМ и Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, како предавач на темата: особините и вештините кои треба да ги поседува еден професионален туристички водич; водење групи на планински терени, практични совети за избегнување последици по животот и здравјето на туристите планинари; ориентација во просторот и движење по обележани и необележани пешачки патеки;

4. Септември 2010 година - присуствува на Меѓународната конференција за туризам „Образованието и индустријата напредуваат заедно - EIAT“ - Белград, Република Србија во рамките наChalengeфорумот за идни лидери на Југоисточна Европа со изработена и презентирана задача во завршниот дел на настанот.
5. Јуни 2011 година - учествува на програма за обука на лиценцирани туристички водичи за водичи во Националниот парк „Галичица“ - Јавна установа Национален парк Галичица, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид, Република Македонија;
6. Ноември 2011 година - Учество на меѓународен семинар „Студии на случај за управување со образованието и обуката во полето на гастрономијата и туризмот“,LA FONDATION POUR LA FORMATION HOTELIERE во организација на Универзитетот Метрополитен од Манчестер , Охрид, Република Македонија;
7. Мај 2012 година - Учество на 1-та сесија за обука „Германско - македонска програма за обука и мрежа„ Одржлив туризам “за МСП во секторот за туризам, академици и други промотори“, на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, Република Македонија;
8. Август 2013 година - Учество на меѓународната летна школа насловена: „Academic writing for Southeastern Europe“ или во превод „Академско пишување за Југоисточна Европа“ одржана во - Охрид, Република Македонија во организација на Техничкиот универзитет од Кемниц, СР. Германија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола Универзитетот „Исмаил Ќемали“-Валона, Р. Албанија и Филозофскиот факултет од Никшиќ, Р. Црна Гора;
9. Декември 2016 година - Присуствува на поднесувањето на Извештајот за локална и регионална конкурентност - „Планови за развој на туризмот за десет дестинации низ Република Македонија“, во организација на Групацијата Светска банка, Охрид, Република Македонија;
10. Февруари 2017 година – Организатор на еднодневна работилница за локалните туристички водичи и останати засегнати страни од областа на туризмот, на тема доследна интерпретација на Законот за туристичка дејност. Настанот бил во заедничка организација на Факултетот за туризам и угоститлство – Охрид и Здружението на туристички водичи и придружници „Кеј“, Охрид, Република Македонија;
11. Февруари 2017 година - Учество на работилница за управување со дестинации, Програма IME (зголемена пазарна вработливост), организирана од Swiss Contact - Швајцарска фондација за техничка соработка, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), Скопје, Република Македонија;
12. Март 2017 година - Учество на семинар и работилница со активности за обука,промоција и презентација на нови можности за културен туризам во Струга и Вевчани, во организација на Здружението на туристички водичи и придружници „Кеј - Охрид“ и Националната установа - Музеј „Др. Никола Незлобински “- Струга, Република Македонија;

13. Март 2017 година - Учество на работилницата „Проект за локална и регионална конкурентност“, организирана од Одделението за спроведување на проектот, финансирано од Светска банка и Европската унија, Охрид, Република Македонија;
14. Септември 2017 година –присуствува напрезентацијата на резултатите од истражувањето на проектот „Мапирање на потенцијалите за развој на различни видови рурален туризам и подготовка на Регистар на потенцијали за рурален туризам (РПРТ)“, како дел од проектите финансирани од УНДП: „Иновативни решенија за подобар пристап до Услуги на локално ниво - активност за создавање деловен центар за поддршка и консултантски услуги за МСП во Југозападниот плански регион “и„ Проширување на функциите на центрите за развој на регионите во однос на реализација на активности / услуги за поддршка на приватниот сектор “ во организација на Министерството за локална самоуправа и Центарот за развој на Југозападниот плански регион, Охрид, Република Македонија;
15. Октомври 2017 година – Присуствува на работилницата за генерирање на идеи за проекти за приоритетен список на проекти за 2018 година;
16. 16-19 ноември 2017 учество на меѓународниот семинар за веслачки тренери во Атина, под покровителство на ФИСА (Светската веслачка федерација), со посебен осврт на суплементацијата во исхраната на професионалните веслачи;.
17. 24 јуни-1 јули 2018 учествува на XVIII Летни медитерански игри во Тарагона-Кастелдефелс, Шпанија како дел од судискиот тимделегиран од Македонската веслачка федерација и Македонскиот олимписки комитет на Медитеранските игри, каде во слободната програма се запознава со гастрономската понуда на Баскискиот регион во Шпанија;
18. 16-18 ноември учествува на UMPIRING CLINIC and FISA Umpiring seminar (клиника и семинар за меѓународни веслачки судии) во Покљука, Блед, Република Словенија;
19. Април 2019 - учествува на меѓународниот семинар „FOOD TOURISM: TRENDS AND DEVELOPMENTS“ спонзорирана од страна на LA FONDATION POUR LA FORMATION HOTELIERE (Фондацијата за обуки во хотелиерството) спроведена од Проф. Елизабет М. Инесон од Универзитетот Манчестер Метрополитен, одржан во Охрид, Република С.Македонија;
20. Април 2019 - учествува на меѓународен семинар „CULTURAL IMPACTS ON HOSPITALITY AND TOURISM“ спонзорирана од страна на LA FONDATION POUR LA FORMATION HOTELIERE (Фондацијата за обуки во хотелиерството) спроведена од Проф. Елизабет М. Инесон од Универзитетот Манчестер Метрополитен, одржан во Охрид, Република Македонија
21. Април 2019 – учествува како предавач на работилницата: “Increasing Tourism Opportunities through Utilization of Resources – I-TOUR”, Interreg – IPA Cross-Border Cooperation Programme between Greece and The Former Yugoslav Republic of Macedonia (2014-2020), финансирана од Европската Унија, одржана во Битола;
22. 10-11 мај 2019 година учествува како предводник на група студенти од насоката гастрономија на интернационалниот гастрономски фестивал „Cook & Serve 2019“ 10-11 мај 2019 во Штип;
23. Јули 2019 – учествува на работилницата за вмрежување: “Competitiveness of tourism products, Risk management and Marketing of tourism products” as part of ”Increasing TourismOpportunities through Utilization of Resources – I-TOUR”, Interreg – IPA Cross-Border Cooperation Programme between Greece and The Former Yugoslav Republic of Macedonia (2014-2020), финансирана од Европската Унија, одржана во Битола;

24. 23-31. август 2019 година - учествува на меѓународната летна школа на тема: „Conflicting truths“ или во превод „Конфликтни вистини“ одржана во Охрид, Република Македонија во организација на Техничкиот универзитет од Кемниц, СР. Германија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола Високата школа за стручни студии за воспитувачи „Михајло Палов“ од Вршац, Р. Србија и Филозофскиот факултет од Никшиќ, Р. Црна Гора;
25. Во периодот 29.02-10.04, 2020 година реализирал Еразмус+ мобилност во Република Франција како докторанд на третиот циклус студии при Факултетот за туризам и угостителство од Охрид, на високата гастрономска школа Жесе де Форест (Jesse de Forest) во Авен сур Елп (Avesnes sur Helpe), каде ги апсолвираосновите на француската гастрономија и техниките на послужување од педагошки и стручен и научен аспект.
26. Јуни-август 2020, учествува на напреден курс зафранцуски јазик, специјализиран од областа на туризмот и угостителството, во рамките на потпроектот: Градење на капацитети на туристички работници преку јазична обука,имплементиран од МАКС – Македонска асоцијација за квалитет во наставата по странски јазици, како дел од Проектот за локална и регионална конкурентност, финансиран од средствата доделени од Светска банка;
27. 07-13. Септември 2020, учествува како предавач и слушател на Балканскиот летен универзитет, меѓународна летна школа во организација на CIFE, Европскиот центар за европски обуки (Centre international de formation Européene) од Ница, Република ФранцијаиФакултетот за туризам и угостителство–Охрид.

**2.Наставно – образовна дејност**

Со одлука: 02-132/3-2 од 07.03.2017 одржувал настава по предметот „Меѓународен туризам“ од 08.03.2017 -25.05.2017 како дел од наставните и вон наставните обврски од докторските студии при Факултетот за туризам и угостителство – Охрид.

Во периодот од 2007-2015 година кандидатот е ангажиран како демонстратор на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид на повеќе научни полиња од областа на туризмот и угостителството со што учествува во активности на наставно-образовниот процес регулиран со Статутот на Факултетот.

Од 2015 година кандидатот е вработен како администратор во профитниот центар Бифе и кујна при Факултетот задолжен за набавка на храна и пијалаци за потребите на образовниот процес од областа на гастрономијата и непреченото функционирање на бифето. Во истиот период тој е задолжен да го надгледува непреченото спроведување на студентската пракса на насокитеГастрономија, Хотелско-ресторански менаџмент и Туризам, со ад хок посети на објектите каде се спроведува истата.

**3.Научно – истражувачка активност**

Кандидатот д-р КлиментНаумов пројавува иособена научно-истражувачка активност што го потврдувасо бројното учество на домашни и меѓународни научни собири, како и бројот наобјавени научни и стручни трудови во домашни и меѓународни научни списанија.

### 3.1. Учество на научни собири

Кандидатот учествувал на 18 национални и меѓународни научни конгреси,конференции и собири од областа на туризмот и угостителството и развојот натуристичките дестинации:

1. Мај 2010 година учествувал со два научни труда на 20тиот Биенален меѓународен конгрес "Tourism and Hospitality Industry 2010: New Trend in Tourism and Hospitality Management" во организација на Факултетот за туризам и угостителски менаџмент - Опатија, Република Хрватска;

2.Септември 2011 година - учествува на Меѓународната конференција за туризам „Образованието и индустријата напредуваат заедно - EIAT" - Белград, Република Србија;

3. Јуни 2011 година – Учества на програмата за обука на лиценцирани туристички водичи за водичи во Националниот парк „Галичица" - Јавна установа Национален парк Галичица, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид, Република Македонија;

4. Октомври 2011 година –Учествува на XI меѓународна конференција „Service sector in terms of changing environments", Универзитет „Св. Климент Охридски "- Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид, Република Македонија;

5. Ноември 2011 година - Учество на меѓународен семинар „Студии на случај за управување со образованието и обуката",LA FONDATION POUR LA FORMATION HOTELIERE во организација на Универзитетот Метрополитен од Манчестер, Охрид, Република Македонија;

6. Мај 2012 година - Учество на 1-та сесија за обука „Германско - македонска програма за обука и мрежа„ Одржлив туризам "за МСП во секторот за туризам, академици и други промотори", на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, Република Македонија;

7. 17-25. август 2013 година - Учество на меѓународната летна школа насловена: „Academic writing for Southeastern Europe" или во предвод „Академско пишување за Југоисточна Европа" одржана во - Охрид, Република Македонија во организација на Техничкиот универзитет од Кемниц, СР. Германија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола Универзитетот „Исмаил Ќемали"-Валона, Р. Албанија и Филозофскиот факултет од Никшиќ, Р. Црна Гора;

8. Октомври 2013 година –Учествува на XII меѓународна научна конференција во услужниот сектор – INSCOSES 2013 година , Универзитет „Св. Климент Охридски "- Битола, Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Охрид, Република Македонија;

9. Февруари 2017 година - Учество на работилница за управување со дестинации, Програма IME (зголемена пазарна вработливост), организирана од Swiss Contact - Швајцарска фондација за техничка соработка, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), Скопје, Република Македонија;

10. Март 2017 година - Учество на семинар и работилница со активности за обука ,промоција и презентација на нови можности за културен туризам во Струга и Вевчани, во организација на Здружението на туристички водичи и придружници „Кеј - Охрид" и Националната установа - Музеј „Др. Никола Незлобински "- Струга, Република Македонија;

11. Март 2017 година - Учество на работилницата „Проект за локална и регионална конкурентност“, организирана од Одделението за спроведување на проектот, финансирано од Светска банка и Европската унија, Охрид, Република Македонија;

12. Април 2017 година - Учество со два труда на Дванаесеттата меѓународна научна конференција „Знаење без граници“ - Институт за управување со знаење, Врњачка Бања, Србија;

13. Септември 2017 година – Присуствува на презентирањето на резултатите од истражувањето на проектот „Мапирање на потенцијалите за развој на различни видови рурален туризам и подготовка на Регистар на потенцијали за рурален туризам (РПРТ)“, како дел од проектите финансирани од УНДП: „Иновативни решенија за подобар пристап до Услуги на локално ниво - активност за создавање деловен центар за поддршка и консултантски услуги за МСП во Југозападниот плански регион“и„Проширување на функциите на центрите за развој на регионите во однос на реализација на активности / услуги за поддршка на приватниот сектор “ во организација на Министерството за локална самоуправа и Центарот за развој на Југозападниот плански регион, Охрид, Република С. Македонија;

14. 28-29 октомври 2017 година учествува во организацијата на International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series IBANES;

15. Април 2019 - Учество на меѓународен семинар „FOOD TOURISM: TRENDS AND DEVELOPMENTS“ спонзорирана од страна на LA FONDATION POUR LA FORMATION HOTELIERE (Фондацијата за обуки во хотелиерството) спроведена од Проф. Елизабет М. Инесон од Универзитетот Манчестер Метрополитен, одржан во Охрид, Република С. Македонија;

16. Април 2019 - Учество на меѓународен семинар „CULTURAL IMPACTS ON HOSPITALITY AND TOURISM“ спонзорирана од страна на LA FONDATION POUR LA FORMATION HOTELIERE (Фондацијата за обуки во хотелиерството) спроведена од Проф. Елизабет М. Инесон од Универзитетот Манчестер Метрополитен, одржан во Охрид, РепубликаС. Македонија;

17. 23-31. август 2019 година - Учество на меѓународната летна школа на тема: „Conflicting truths“ или во превод „Конфликтни вистини“ одржана во Охрид, Република Македонија во организација на Техничкиот универзитет од Кемниц, СР. Германија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Битола Високата школа за стручни студии за воспитувачи „Михајло Палов“ од Вршац, Р. Србија и Филозофскиот факултет од Никшиќ, Р. Црна Гора;

18. 07-13. Септември 2020, учествува како предавач на Балканскиот летен универзитет, меѓународна летна школа во организација на CIFE, Европскиот центар за европски обуки (Centre international de formation Européene) од Ница, Република Франција и Факултетот за туризам и угостителство – Охрид.

**3.2. Објавени научни и стручни трудови**

Кандидатот д-р Климент Наумов во стручни и научни списанија има објавено 8 публикации од областа на туризмот и угостителството, одржливиоттуристички развој,

екотуризмот, развојот и управувањето сотуристичките дестинации, туристичкото водење, капиталните инвестиции во туризмот и угостителството, туристичкотосубвенционирање и друго.

**Објавени научни трудови во референтни научни публикации во последните пет годинипред објавувањето на огласот за избор:**

1. Cickovska E., Angelevska Najdeska K., and Naumov K. (2017) *INTERCULTURAL COMPETENCES OF THE TOURIST GUIDES HIRED BY TRAVEL AGENCIES IN OHRID.* In: International Scientific Conference on Economics and Management EMAN http://eprints.uklo.edu.mk/1764/1/zbornik_radova_eman_2017_final%20-%20Trud.pdf 869-878;
2. Gogoski R. and Naumov K. (2018) *CAPITAL AND INVESTMENTS IN COMPANIES IN TOURISM AND HOSPITALITY IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA.* In: III International Scientific Conference TOURISM IN FUNCTION OF DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF SERBIA - Tourism in the Era of Digital Transformation, which will take place in Vrnjačka Banja, Serbia, from 31st May to 2nd of June 2018;
3. Gogoski, R. Naumov K. (2018) *THE TOURISM AND HOSPITALITY COMPANIES AND THE CREDIT ACTIVITY OF THE BANKS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA.* In: XIV International Scientific Conference on Service sector INSCOSES 2018, Ohrid 14-15 September 2018. XIV INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ON SERVICE SECTOR INSCOSES 2018, OHRID, 14-15 SEPTEMBER 2018 https://bib.irb.hr/datoteka/956021.BOOK-OF-ABSTRACTS-2018.pdf;
4. Naumov, K., МЕЃУНАРОДНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ДОАЃАЊА (СЛУЧАЈОТ НА ХОЛАНЃАНИТЕ) И СУБВЕНЦИОНИРАЊЕТО КАКО ИНСТРУМЕНТ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, SECOND INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE EMAN 2018 https://eman-conference.org/wp-content/uploads/2019/04/zbornik_eman_2018_final.pdf page:743;
5. Naumov, K., Janevski, L.: TOURISM TRENDS WITH PARTICULAR REFERENCE TO TOURISM SUBSIDIES AS A LONG TERM UNSUSTAINABLE TOURISM DEVELOPMENT TOOL 41XIV INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ON SERVICE SECTOR INSCOSES 2018, OHRID, 14-15 SEPTEMBER 2018https://bib.irb.hr/datoteka/956021.BOOK-OF-ABSTRACTS-2018.pdf ;
6. Janevski, L., Naumov, K.: PERSPECTIVES FOR THE DEVELOPMENT OF ECOTOURISM IN NACIONAL PARK PELISTER XIV INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE ON SERVICE SECTOR INSCOSES 2018, OHRID, 14-15 SEPTEMBER 2018.

**Објавени научни трудови во референтни научни публикации повеќе од пет години пред објавувањето на огласот за избор:**

1. Naumov K., Risteski M. (2010) Organization and distribution of Skopje's tourism product – 20th Biennial International Congress - Tourism and Hospitality Industry 2010: New Trend in Tourism and Hospitality Management, held in Opatija, Croatia. Published in Congress Proceedings, ISBN 978-953-6198-79-5, 978-953-6198-78-8, pp. 1537-1547, 2010;
2. Risteski M., Naumov K. (2010) Organizing of the tourist propaganda in a role of tourist destination development at times of economic challenges – 20th Biennial International Congress - Tourism and Hospitality Industry 2010: New Trend in Tourism and Hospitality Management, held in Opatija, Croatia. Published in Congress Proceedings, ISBN 978-953-6198-79-5, 978-953-6198-78-8, pp. 1178-1186, 2010.

**4. Учество во национални и меѓународни научно – истражувачки проекти**

Во периодот на ангажманот на кандидатот како демонстратор и администратор на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид учествувал во работата и изведувањето на вкупно 10 национални и меѓународни проекти, коисе однесуваат на туристичко – угостителскиот развој:

1. Октомври 2008 – март 2009 година учествува како помлад истражувач во комплексното истражување во врска со угостителската понуда на градот Скопје во рамките на Пилот активностите за образование и култура во Македонија под покровителство на Владата на Република Италија;
2. Септември – Декември 2009 година Учествува во проектот за обука на туристички водичи за Југозападниот плански регион на Република Македонија под покровителство на амбасадата на Кралството Норвешка, во организација на консултантската фирма ЕКП, Стопанката комора за туризам на РМ и Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, како предавач на темата: особините и вештините кои треба да ги поседува еден професионален туристички водич; водење групи на планински терени, практични совети за избегнување последици по животот и здравјето на туристите планинари; ориентација во просторот и движење по обележани и необележани пешачки патеки;
3. Април- Јуни 2010 Учествува во проектот за обука на туристички водичи за Југозападниот плански регион на Република Македонија под покровителство на амбасадата на Кралството Норвешка, во организација на консултантската фирма ЕКП, Стопанката комора за туризам на РМ и Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, како предавач на темата: особините и вештините кои треба да ги поседува еден професионален туристички водич; водење групи на планински терени, практични совети за избегнување последици по животот и здравјето на туристите планинари;
4. 2017 - Помошник истражувач за туризам: „Креирање на туристички производи зацелната група сениори во Општина Охрид“ - Општина Охрид, Факултет за туризам иугостителство – Охрид;
5. 2017 - Помошник истражувач за туризам: „Иновативни решенија за подобренпристап на услуги на локално ниво: креирање на мрежа за инклузивен развој наСкопскиот плански регион на Р.С. Македонија, мапирање на потенцијалите за развој наразлични видови рурален туризам и креирање на Регистар на потенцијалите за рураленразвој (RPRTs)“ - Министерство за локална самоуправа на Р.С. Македонија,Консултантска фирма: Глобал Проект Консалтинг (ГПК);
6. 2017 - Помошник истражувач за туризам: „Иновативни солуции за подобренпристап на услуги на локално ниво: креирање на мрежа за инклузивен развој наПелагонискиот плански регион на Р.С. Македонија, мапирање на потенцијалите за развојна различни видови рурален туризам и креирање на Регистар на потенцијалите за руралензразвој (RPRTs)“ - Министерство за локална самоуправа на Р.С. Македонија,Консултантска фирма: Глобал Проект Консалтинг (ГПК);
7. 2017 - Помошник истражувач за туризам на регионалниот експерт на УНДП:„Иновативни солуции за подобрен пристап на услуги на локално ниво: креирање на мрежаза инклузивен развој на Скопскиот, Пелагонискиот, Источниот и Југоисточниот планскирегион, мапирање на потенцијалите за развој на различни видови рурален туризам икреирање Регистри на потенцијалите за рурален развој (RPRTs)“ - Министерство залокална самоуправа на Р.С. Македонија;

8. 2018 – Го реализира проектот: Брендирање на туристичките водичи на градот Охрид под покровителство на Општина Охрид;
9. 2018 – Експерт за проценка на засегнатите страни за потребите на проектот финансиран од ЕУ: DUVALO- From challenge to solutionSerial Number: 387233ASSOCIATION FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT “THE BLUE PROJECT”– OHRID;
10. 2018-2019 - Помошник истражувач за туризам: „Зголемување на туристичкитеможности преку користење на ресурсите - I-TOUR, Јакнење на туризмот и културното априродното наследство WP3 Развивање на меѓугранични туристички производи –мапирање и пристап на меѓугранични туристички потенцијали“ - Interreg – IPA CBCПрограма на Европска Унија.

ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА ПОСЕБНИТЕ
УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

| ПРВ КРИТЕРИУМ<br>Резултати од научно – истражувачка работа | |
|---|---|
| УСЛОВИ | X |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предавач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преку web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | X |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, EMERALD, SCOPUS, THOMSON REUTERS, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/)[1] | |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | X |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | X |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни | |

[1]Лицата кои веќе имаат засновано работен однос на единицата на којашто конкурираат за избор во звање,имаат обврска нивните трудови да ги објават на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk

| | |
|---|---|
| остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | X |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од поширокота научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство)[2] | |
| Вкупно исполнети услови од прв критериум | 4 |

| | |
|---|---|
| ВТОР КРИТЕРИУМ<br>Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок | |
| УСЛОВИ | X |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | X |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на онлине платформа за далечинско учење (Моодле и сл.) или на веб страната на единицата или Универзитетот | |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска програма на прв, втор или трет циклус студии | |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторски студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | |

[2] Овој критериум за избор во звање редовен професор ќе се применува до влегувањето на сила на членот 166 став

| | |
|---|---|
| Вкупно исполнети услови од втор критериум | 1 |

| ТРЕТ КРИТЕРИУМ<br>Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност | |
|---|---|
| УСЛОВИ | X |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | X |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | X |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | X |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | X |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | X |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се избира | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | X |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ решенија | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | X |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | X |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или поширока област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | X |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | X |
| Вкупно исполнети услови од трет критериум | 10 |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМ | 15 |

## З А К Л У Ч О К И П Р Е Д Л О Г

Врз основа на увидот во доставената документација, изнесениот осврт, степенот на образование, научно-истражувачката активност, учеството на домашни и меѓународни конференции и симпозиуми, учеството во национални и меѓународни научно- истражувачки проекти, објавените публикации и стекнатиот академски степен доктор нанауки од областа на туризмот, како и неговата посветеност во континуираното усовршување, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека д-р Климент Наумов покажува перманентен

прогресивен научен и професионален развој на професијата давајќи значаенпридонес во областите за коишто се избира.

Од приложените материјали од страна на кандидатот, Рецензентската комисијаконстатира дека се работи за исклучително сериозна и одговорна личност која целосно,темелно и сестрано им се посветува на обврските поврзани со неговата стручна, научна ипрофесионална работа. Кандидатот низ своето образование и стручно усовршување сеистакнува со континуирано висок успех на додипломските и последипломските студии одобласта на туризмот и угостителството, а со севкупната професионална и обемна научно – истражувачкаактивност, исполнувањето на обврските во досегашниот неговпрофесионален ангажман, владеењето на странски јазици и работа со компјутер, сепотврдува како извонредно квалитетен и професионален кадар за наставно-образовна инаучно-истражувачка работа. Одредени поглавја на магистерскиот труд и докторската дисертација накандидатот обработуваат специфични и актуелни аспекти од областа на гастрономијата и угостителството во контекст на активности за зголемување на пласманот на македонскиот туристички производ на пазарот на Холандија и Белгија и улогата и значењето на туристичкото водење во однос на презентирањето и интерпретацијата на македонската гастрономскапонуда пред туристичкиот аудиториум, што е во директна корелација со научнитеобласти за кои кандидатот конкурирал.

Кандидатот д-р Климент Наумов остварува исклучително обемна научно-истражувачка работа преку објавувањето на стручни и научни публикации вомеѓународни научни списанија и преку учеството на конференции, конгреси исимпозиуми во земјата и странство, што може да се констатира од големиот број наобјавени трудови од повеќе области: туристичкото субвенционирање,меѓукултурните компетенции на туристичките водичи, туристичкиот маркетинг и промоција, капиталните инвестиции на македонските компании од областа на туризмот и угостителството, кредитната активност на македонските угостителски компании, меѓународните туристички доаѓања и субвенционирањето во туризмот,туристичкото посредништво и сл. Во последните 5 години има објавено вкупно 8 научнии стручни трудови во меѓународни списанија и публикации, како автор и коавтор.

Научните и стручните публикации на кандидатот се одликуваат со студиозност, научнаверифицираност, методолошка поткрепеност и систематичност во истражувањето ипрезентирањето на добиените резултати, со што придонесуваат во развојот натуризмолошката мисла и практика. Кандидатот досега учествувал во 10национални и меѓународни научно-истражувачки проекти, како истражувач и како експерт. Неговиот професионаленангажман во областа на гастрономијата и туризмоте евидентен преку апсолвираната практична обука завреме на неговото студирање, како и преку професионалниот ангажман како туристичкиводич и научен истражувач. За успешноста на кандидатот сведочи и неговото учество во голем број (18) работилници, семинари, тренинг програми и обуки од областа на гастрономијата,туризмот и угостителството, туристичкото водење, академското пишување, одржливиот туризам,спортот, заштитата на културното иприродното наследство, лидерството, со што очигледен е ангажманот на кандидатот не само за негово стручно усовршување, туку и професионално усовршување и придонес кон заедницата.

Сестраноста, професионалноста и креативноста на кандидатот се огледа вонеговото богато повеќегодишно искуство изразено преку претходната вклученоство наставно-образовниот процес на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, како и неговата моментална работна и волонтерска ангажираност. Сотоа кандидатот се поставува како оформена комплетна и зрела личност, се карактеризира со висок степен наетика,

исполнителност на сите поставени задачи, одговорност и совесност, при што сепотврдува како исклучително и високо квалитетен кадар за наставно-образовна и научно-истражувачка работа. Трудољубивоста и талентираноста на кандидатот се надополнуваат сопостигнатите високи резултати за време на студирањето, несебичното залагање,коректниот однос со своите колеги, самостојната научно-истражувачка работа исамоиницијативноста кои ветуваат и во иднина значајни резултати во полето на научно-истражувачката работа и унапредувањето на воспитно-образовниот процес.

Поаѓајќи од сите горенаведени факти, кандидатот д-р Климент Наумов со своитестручни биографски податоци ги исполнува сите барања предвидени во Законот за високообразование и општите и посебните акти на Универзитет Св. Климент Охридски – Битолаи Факултет за туризам и угостителство - Охрид, за избор во звање насловен доцент. Врз основа натоа, Рецензентската комисија со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид, кандидатот **д-р Климент Наумов** да го избере за наставник во насловно звање од научните области **Гастрономија 51409** и **Друго 51419** во звање **насловен доцент**.

**Охрид, 09.11.2020 год.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **Проф. д-р Симона Мартиноска, редовен професор**

   **с.р.**

2. **Проф. д-р Катерина Ангелевска-Најдеска, редовен професор**

   **с.р.**

3. **Проф. д-р Иванка Несторoска, редовен професор**

   **с.р.**